# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

Општина Крива Паланка продолжува со континуирана поддршка и развој на културниот живот на локалната заедница преку Програмата за активности во областа на културата и културните манифестации за 2025 година. Активностите од Програмата се продолжение на успешните активности од 2024 година, со што се потврдува позицијата на општината како регионален културен центар, препознатлив по квалитетни, добро организирани културни настани.

Програмата беше креирана со цел да се збогати културниот живот во општината, да се мотивира активното учество на граѓаните, младите и да се афирмира локалниот културен идентитет. Со имплементација на програмските активности се стремиме кон создавање на средина во која културата станува сила за развој на креативноста, социјалната кохезија и туризмот на локално и регионално ниво.

Со реализацијата на Програмата за активности во областа на културата и културните манифестации за 2025 година, Општина Крива Паланка придонесува кон активен, континуиран и разновиден културен живот за граѓаните, преку организирање и поддршка на бројни културни, уметнички, традиционални и забавни настани во текот на целата година.

Преку реализација на програмските активности правиме напори кон успешно зачување и афирмирање на духовното и културното наследство на Крива Паланка и кривопаланечкиот регион, со посебен акцент на промоција на локалните традиции, обичаи и културни вредности, кои претставуваат значаен дел од локалниот идентитет.

Реализацијата на Програмата придонесува кон зајакнување и афирмирање на културниот идентитет на општината, преку активности и манифестации кои ја истакнуваат нашата општина позиционирајќи ја како препознатлива културна средина на регионално ниво.

Програмата успешно придонесе за мотивирање и активно вклучување на локалните културни институции, организации и поединци во реализацијата на културните активности, како и во процесите на креирање и унапредување на локалната културна политика.

## II. АКТИВНОСТИ

Во текот на 2025 година, имплементираните активности од програмата беа спроведени директно од страна на Општина Крива Паланка, а дел од активностите беа спроведени врз основа на активностите подржани на Јавен повик за прибирање предлог-активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2025 година, а се во согласност со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2025 година. Реализацијата на активностите се одвиваше согласно планираната динамика и програмските приоритети, и тоа:

***1. Празници, манифестации, настани кои ги организира општината како годишни***



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

**БАДНИК 6-ти јануари –** (носител Општина Крива Паланка) - централната прослава се одржа на градскиот плоштад, со пригодна традиционална бадникова програма. Манифестацијата започна со бадниковата поворка од дечиња, која тргна од плоштадот Карпошово Востание, низ главната Градска улица Св. Јоаким Осиговски до Градски плоштад на Крива Паланка. Во духот на традицијата, со благослов од свештениците на Македонската православна црква, на Градскиот плоштад, во рамките на централната манифестација, се изврши поделба на бадниковото лепче со паричка, како и избор на кум за следната година. Настанот беше пропратен со пригодна музика и бадникови песни и веселба. На присутните граѓани се служеа топли пијалоци и храна од бадниковата трпеза, поставена на Градскиот плоштад. Во организацијата на настанот свое учество земаа основното и средното училиште од општина Крива Паланка, ЛУ Градски музеј, ОО Црвен Крст - Крива Паланка и културните здруженија од општина Крива Паланка.

**БОЖИЌ, 7-ми јануари –** (носител Општина Крива Паланка) – Одржан музички концерт со настап на дечињата од Детскиот музички фестивал „Распеано симитче“ и хорот „Симитчиња“. Настанот беше збогатен со настап на музичко трио – Трио Џентлмен, а специјален гостин на вечерта беше младиот Ајдин Османовиќ од БиХ со што се создаде вистинската празнична магија.

**ВОДИЦИ-БОГОЈАВЛЕНИЕ, 19-ти јануари –** (носител Општина Крива Паланка) Празникот **Водици – Богојавление** беше одбележан со света литургија во црквата „Свети Великомаченик Димитриј“, по што следуваше традиционалното фрлање на крстот и осветувањето на водите на Крива Река, во духот на старите верски и културни обичаи. По завршување на осветувањето на водите на Крива Река, манифестацијата продолжи на Градскиот плоштад со традиционалната **„Пивтијада 2025**“, каде граѓаните имаа можност да ги вкусат познатите кривопаланечки пивтии и да се почестат со топли пијалоци. Настанот беше пропратен со пригодна музика и сенародна веселба. Свој настап имаше и нашата позната вокална интерпретаторка Адријана Алачки и бендот со Гоце Димовски „Синтезис“, кои ги забавуваа присутните со својот богат музички репертоар.

**СУСУРИГА, 1-ви март -** (носител Фондација „Со срце за Крива Паланка“) – Настанот е посветен на одбележувањето на празникот Прочка и возобновувањето на автентични градски традиции во Крива Паланка, истиот опфати дефиле во традиционални костими, ритуално палење оган и презентација на стари обичаи карактеристични за кривопаланечкиот регион и пошироко, со учество на повеќе локални и регионални културно-уметнички друштва.

**Ден на шегата, 1-ви април –** (носител Општина Крива Паланка) – поради пожарот во Кочани настанот не се реализираше.

**Ден на Ромите, 8-ми април –** (носител Фондација „Со срце за Крива Паланка“) – активноста не е одржана поради пожарот во Кочани.

**Велигденска традиција, 20-ти април –** (носител ЛУ Градски музеј) - организација на традиционалната манифестација со богата програма: барање на скриени велигденски јајца; носење на јајце во лажица; кршење на јајца и избор на најцврсто велигденско јајце. Манифестацијата се одржа во дворот на старото учиште во с.Градец. Во рамки на одбележувањето на христијанскиот празник Велигден, на 19 – ти април на градскиот плоштад се одржа **„Ретро шоуто на олдтајмери“** а носител на активноста беше Општина Крива Паланка.

**Довидување матуранти** (носител Општина Крива Паланка) – по повод матурирањето на средношколците од генерацијата 2021-2025, во рамки на програмата за култура се одржа пригодна прослава за матурантите во дворот на средното училиште, а потоа матурантите со дефиле поминаа низ главната улица на градот до градскиот плоштад. Забавата во организација на општината продолжи на градскиот плоштад.

**Одбележан ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј и празник Св. Јоаким Крчовски** – (носител Фондација „Со срце за Крива Паланка“) - На 22-ри мај се оддржа свечено одбележување на денот на сесловенските просветители, Св. Кирил и Методиј, како и денот на нашиот преродбеник и учител Св. Јоаким Крчовски, со организација на свечена академија во Центар за култура. При тоа беа доделени наградите за најдобар просветен работник по предметна настава и најдобар просветен работник по одделенска настава, а на настанот беа врачени и наградите за најдобар ученик од основните и средното училиште. Одбележувањето на празникот беше збогатено културно-забавната програма на Свечената академија со настап на хорот ,, Света Злата мегленска’’, солистката Ана Петан и оркестарот „Тра-ла-ла“.

**Кривопаланечко културно лето 2025** (носител НУ Центар за култура) – се оддржа во периодот од 19.06 до 27.08.2025 година и се реализираа следните настани:

**Јуни -** стенд-ап шоу на Сашко Коцев, концертот „Македонска евергрин рапсодија“, забавно шоу со жонглери Димитар Велков и Сашо Петровски.

**Јули -** детска забава со пантомимичар Кирил Трајковски; детска театарска претстава ,, Шеќерна приказна’’; детски меѓународен фолклорен фестивал ,,Паланечка тројка’’; детска забава со пантомимичар Дарко Ѓурчиновски и Мето Пантомима; детска музичка забава ,,DJ Bono’’; музички евергрин концерт Џон Апелгрин со Гордан Спасовски и бенд; забавно шоу со жонглери Димитар Велков и Сашо Петровски; забавен музички концерт Александра Јанева; детска забава со пантомимичар Кирил Трајковски.

**Август -** музичка вечер - концерт на Митан и Андријана Јаневска; детска забава со магионичари Дарко Ѓурчиновски и Мето Пантомима; музички концерт ,,Дејвид и бенд’’; детска театарска претстава ,, Црвенкапа’’ од Народен театар Куманово; музички концерт на BAD ASS ALL, детска музичка забава DJ Bono; музичка вечер – концерт на ,, Бело копче’’.

**Трилатерална погранична средба – КРАИШТЕ, 12-ти јули** – (носител Општина Крива Паланка) - Манифестацијата по повод празникот Петровден, позната како КРАИШТЕ, традиционално се одржа во организација на пограничните општини Крива Паланка, Босилеград и Ќустендил, со учество на културните здруженија од трите општини пред граѓаните од пограничната област.

**Илинден, 2-ри август** (носител Општина Крива Паланка и ЛУ Градски музеј) - по повод празникот, делегација на Општина Крива Паланка предводена од Градоначалникот, положи свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред зградата на општината. Цвеќе положија и делегација на Советот на општината и претставници на политичките партии, како и претставници на јавните институции и други организации. Во склоп на оваа активност се одржа и драмски рецитал во кој учествуваа членовите на ООУ Илинден.

**Меѓународен фолклорен фестивал Св.Јоаким Осоговски** (носител НУ Центар за култура). Во периодот од 25 до 27.08.2025 година, се оддржа 20 (дваесеттиот) по ред меѓународен фолклорен фестивал, со учество на 7 групи на културно-уметнички и фолклорни друштва од нашата држава и шест други европски земји (Србија, Турција, Северен Кипар, Романија, Црна Гора и Полска).

**Концерт по повод патрониот празник на општината** (носител Фондација „Со срце за Крива Паланка“) - на градскиот стадион на 29-ти и 30 - ти август се одржа музички концерт, на кој гостуваше балканската поп ѕвезда Цеца Ражнатовиќ. На истиот настан гости беа и Дејан Петровиќ со Биг Бенд, Никола Станишиќ, Мики Секуловски и ДЈ Галовски и Barney DJ и Deep Syndrome. На втората концертна вечер, свој настап пред кривопаланечката публика имаа Саша Ковачевиќ, светски познатиот DJ Tom Novy како и Barney DJ и Deep Syndrome.

**ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА 2025** (носител Општина Крива Паланка) – Настанот не се оддржа поради необезбедени средства од МЗШВ, но дел од изложувачите имаа своја презентација во рамки на фестивалот ШОПСКО СЕЛО организиран од ЛУ Градски музеј

Крива Паланка, во период од 25 до 27.08.2025 година на кејот на Крива Река, летната сцена на градскиот плоштад во Крива Паланка.

**8-ми Септември** – Ден на осамостојувањето (носител Општина Крива Паланка) беше организирано свечено одбележување на Денот на независноста, со полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред зградата на општина.

**17-ти МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ Св. Јоаким Осоговски 2025** (носител Здружение театарски фестивал – Крива Паланка) **–** Во периодот од 29.09 до 06.10.2025 година се оддржа 17 (седумнаесетото) издание на Меѓународниот театарски фестивал каде за лауреат беше прогласен Игор Џамбазов. На фестивалот се организираа 8 театарски претстави, во 8 фестивалски денови, на театри од Р.С.Македонија, Р.Србија и Р.Бугарија.

**8-ми Октомври** – празник на градот (носител Општина Крива Паланка и фондација ,,Со срце за Крива Паланка'') - Празнувањето на денот на градот, се обележа со положување на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци од НОБ пред општинската зграда, од страна на делегација од Општина Крива Паланка и Советот на општината, делегации од збратимени градови, соседни градови, претставници на амбасади на странски држави, делегации на политичките партии, на МВР, на локалните јавни претпријатија и институции, воспитно образовните институции, Сојуз на борците, здруженија на граѓани и граѓански организации. Во склоп на оваа активност се одржа и свечена академија - по повод 81 (осумдесет и една) година од ослободувањето на градот Крива Паланка, со богата свечена програма и доделување на 8-мо октомвриската награда, како и признанија за придонес во развојот на општина Крива Паланка. Настанот беше збогатен со музичка програма – настап на Трио Џентламен во сала на НУ Центар за култура. Во рамки на одбележувањето на овој празник се одржа и манифестацијата ,,Шопска софра 2025''. На настанот се презентираше традиционална храна од кривопаланечко, при што гостите имаа можност да уживаат во дегустација на локални специјалитети.

**11-ти Октомври** – Ден на востанието (носител Општина Крива Паланка) - беше организирано свечено одбележување на Денот на народното востание, со полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред зградата на општината.

**Новогдишен базар 2025 година** (носител фондација ,,Со срце за Крива Паланка'') - Новогодишниот базар 2025 во Крива Паланка се одржа на Градскиот плоштад, со богата културно - музичка и забавна програма за сите генерации. Базарот официјално започна на 27 декември со концерт на Мирза Селимовиќ, а продолжи со настап на регионални изведувачи, музика, детски претстави и други забавни содржини. Настанот беше збогатен со учество на учениците од основните и средното училиште, како и детската градинка, со презентација на рачни изработки и празнични украси, со што се придонесе за создавање на позитивна новогодишна атмосфера, меѓу локалните жители и гости. Настанот заврши со дефиле на маски и пристигање на Дедо Мраз со пригодна музичко забавна програма.

| Настан | Носител | Средства вкупно (изразени во денари) |
|---|---|---|
| **Бадник** | Општина Крива Паланка | 91.000 |
| **Божиќ** | Општина Крива Паланка | 143.000 |
| **Водици – Богојавление** | Општина Крива Паланка | 83.200 |
| **Сусурига – Прочка** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 200.000 |
| **Ден на шегата – 1- ви април** | Општина Крива Паланка | неразлизиран |
| **Ден на Ромите** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | неразлизиран |
| **Велигденска традиција** | ЛУ Градски музеј | Буџет на ЛУ Градски музеј |

| Настан | Носител | Средства вкупно (изразени во денари) |
|---|---|---|
| **Ретро шоу на олдтајмери** | Општина Крива Паланка | 60.000 |
| **Довидување матуранти** | Општина Крива Паланка | 17.600 |
| **Свечена акдемија Св. Кирил и Методиј** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 200.000 |
| **Кривопаланечко културно лето 2025** | НУ Центар за култура | 1.000.000 |
| **Трилатерална средба „Краиште“** | Општина Крива Паланка | / |
| **Илинден** | Општина Крива Паланка и ЛУ Градски музеј | / |
| **Меѓународен фолклорен фестивал Св. Јоаким Осоговски** | НУ Центар за култура | 650.000 |
| **Концерт по повод патрониот празник (28–29 Август)** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 2.000.000 |
| **Ден на осамостојувањето – 8 Септември** | Општина Крива Паланка | / |
| **Празник на градот – 8 Октомври** | Општина Крива Паланка | 200.000 |
| Свечен прием и полагање на цвеќе | | |
| Свечена академија | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 400.000 |
| Шопска софра | | |
| **Меѓународен театарски фестивал Св. Јоаким Осоговски** | Здружение Театарски фестивал – Крива Паланка | 400.000 |
| **Ден на востанието – 11 Октомври** | Општина Крива Паланка | / |
| **Новогодишен базар 2025** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 100.000 испалтени во 2025 г. 1.400.000 пренесени за 2026 г. |
| | **ВКУПНО** | **5.544.800 ден.** |

***2. Поддршка на настани од годишни програми на субјекти од областа на културата истите се доделени за активности врз основа на Јавен повик***

**9-ти Март - ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН (носител РЗР Патник)** — Се оддржа традиционалната манифестација „НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ“ на Свети Теодор Тирон во с.Конопница, во настанот учествуваа пет невести заедно со нивните свекрви, облечени во традиционални, роднокрајни носии од: Галичник, Струга, Скопје, Ранковце и Крива Паланка. Настанот беше надополнет со богата културно – уметничка програма, наменета за граѓаните присутни на оваа култна манифестација кои присуствуваа на литургијата и осветување на вода од страна на кривопаланечкото свештенство во црквата и дворот на црквата.

**Меѓународна Ликовна Колонија Св. Јоаким Осоговски 2025** (носител Здружение Ликовна колонија Св. Јоаким Осоговски) – организацијата на 39-то издание на Меѓународната Ликовна Колонија „Св.Јоаким Осоговски“. Уметниците твореа една недела, почнувајќи од 26 јуни, работеа по слободен тематски пристап и како секоја година имаат обврска да остават две од овие дела во манастирската збирка на колонијата.

**Вечер на староградска песна** (носител на активноста КУЗ Распеани паланчани). Активноста беше спороведена во рамки на Кривопаланечко културно лето, на летна сцена во Градски плоштад.

**Фестивал на различностите** (носител на активноста КУЗ Фолклористи) - одржан целовечерен концерт во рамки на манифестацијата Кривопаланечко културно лето.

**Целовечерен фолклорен концерт** (носител на активноста КУЗ Карпош) беше одржан целовечерен концерт во рамки на манифестацијата Кривопаланечко културно лето 2025 година.

Општина Крива Паланка обезбеди финансиска поддршка за реализација на програмски активности, каде носител е НУ Центар за култура – Крива Паланка. Поддржаните активности беа насочени кон афирмација на локалното културно творештво, зачувување на културното наследство и поттикнување на современи уметнички изрази.

Во таа насока, реализирани беа културните манифестации **„Паланечка дума“** и **„Лирски треперења - 2025“.** „Паланечка дума“ претставува литературен настан наменет за презентација и афирмација на литературното творештво, додека „Лирски треперења - 2025“ е поетска манифестација посветена на современата поезија, со учество на повеќе автори и промоција на поетскиот израз.

Во рамки на програмските активности беше поддржано и издавањето на зборникот „**Фолклорот и етнологијата на кривопаланечко“**, кој содржи научни трудови од повеќе автори, изработени врз основа на теренски истражувања реализирани во рамки на научно-истражувачката дејност на Институтот за фолклор кон крајот на XX век, со што се даде значаен придонес во документирањето и зачувувањето на локалното нематеријално културно наследство.

Дополнително, во рамки на проектот **„Надарени“** беше организирана изложба на слики и други видови ликовни дела од локални аматерски автори, со што се овозможи успешна презентација и промоција на творештвото на локалните уметници.

На 26 декември беше одржан и годишниот концерт на студиото за модерен балет, на кој беа изведени кореографии од различни танцови стилови на деца и млади од нашата општина.

Фестивалот **Џој фест** (носител на активноста Здужение Џој фест) не е оддржан на барање на Здружение Џој фест**.**

Детскиот музички фестивал **„Распеано симитче 2025“** (носител на активноста Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности“ - Крива Паланка) не беше одржан на барање на организаторот.

Активностите за подготовка на монографската промотивна публикација „Крива Паланка – Град на културата 2024“ и документарниот филм „Крива Паланка – Град на културата 2024“, делегирани на фондацијата „Со срце за Крива Паланка“, не се реализирани и за истите не се доделени финансиски средства.

Програмската активност на Здружение на пензионери Крива Паланка не е реазлизирана, средствата беа испалтени од страна на Општина Крива Паланка но по известување на Здружението за неможноста за имплементација на истите, Здружението на пензионери изврши поврат на доделените средства кон Општина Крива Паланка.

| **Настан / Активност** | **Носител** | **Средства вкупно (во денари)** |
|---|---|---|
| **Поклонение на Св. Теодор Тирон – „Невестинско поклонение“** | Општина Крива Паланка | 150.000 |
| **Меѓународна ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“ – 39-то издание** | НУ Центар за култура | 100.000 |
| **Вечер на староградска песна** | КУЗ „Распеани паланчани“ | 80.000 |
| **Фестивал на различностите** | КУЗ „Фолклористи“ | 50.000 |
| **Целовечерен фолклорен концерт** | КУЗ „Карпош“ – Крива Паланка | 50.000 |
| **„Паланечка дума“ и ,,Лирски треперења”** | НУ Центар за култура | 80.000 (неисплатени) |
| **„Фолклорот и етнологијата на кривопаланечко“; „Надарени“ и подршка на нови стуија** | НУ Центар за култура | 80.000 (неисплатени) |
| **Фестивал „Џој фест“** | Здружение „Џој фест“ | Нереализиран |
| **Детски музички фестивал „Распеано симитче 2025“** | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности“ | Нереализиран |

| Настан / Активност | Носител | Средства вкупно (во денари) |
|---|---|---|
| **Програмска активност – Здружение на пензионери Крива Паланка** | Здружение на пензионери Крива Паланка | Нереализиран (средства исплатени и вратени) |
| | **ВКУПНО исплатени** | **430.000** |

Во рамки на Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2025 година, предвидени и реализирани се средства за покривање на други активности и оперативни трошоци неопходни за квалитетна и непречена организација на културните настани и манифестации кои придонесоа за професионална реализација на програмските содржини, зголемена посетеност и подобра видливост на културните настани. Вкупниот износ на средствата за други активности и оперативни трошоци изнесува **3.915.630** денари.

**3. Други активности и оперативни трошоци**

| | Име на активност | | Средства вкупно (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | **Промоција на проекти и поддршка на локални уметници** | Трошоци за промоција на проекти и поддршка на локални уметници | 33.000 |
| 2. | **Бина/опрема/осветлување** | Трошоци за опрема за организација на концерти | 2.000.000 |
| 3. | **Ноќевање на изведувачи** | Угостителски трошоци за ноќевање | 28.850 |
| 4. | **Ручек, вечера и ланч пакети** | Угостителски трошоци за ручек, вечера и ланч пакети | 519.900 |
| 5. | **ВЦ Кабини** | Трошоци за ВЦ Кабини за големи настани | 240.720 |
| 6. | **Приклучок на струја** | Трошоци за приклучок на струја за големи настани | 50.000 |
| 7. | **Шатори, тенди, маси** | Трошоци за шатори, тенди, маси | 495.420 |
| 8 | **Кетеринг услуги** | Кетеринг услуги за културни настани | 227.740 |
| 8. | **Останати оперативни трошоци** | Трошоци за обезбедување, огради , декоративно цвеќе за културни настани и сл. | 320.000 |
| | | **Вкупно** | **3.915.630** |
| | | **ВКУПНО 1.2.3** | **9.890.430** |

Составен дел од овој извештај е и Извештајот од комисијата за евалуација на извештаи за проекти и програмски активности од областа на културата **бр.31-898/2** од 18.02.2026 година.

**20.02.2026 г.**

**Одделение за Јавни дејности**
**Даниела Милошевска**

**Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот**
**Даниела Велковска**

## ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМАТА ЗА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА

| 1 | **ЦЕЛ:Обезбедување одржлив и инклузивен развој на културата и уметноста во Општина Крива Паланка преку активна поддршка на културните потреби и интереси на граѓаните и граѓанките, зачувување и афирмација на културното наследство, поттикнување на современо културно творештво, активно учество на локалните чинители, како и промовирање на родова еднаквост, демократски и општествени вредности.** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| **Бадник**<br><br>**Општина Крива Паланка** | Традиционално прославен празникот Бадник, со цел зачувување и негување на македонските православни традиции:<br><br>1. Извршен избор на кум/кума на Бадник на традиционален начин, со поделба на бадниково лепче со паричка, во согласност со народните обичаи и верски вредности.<br><br>2. Во рамки на манифестацијата беше организирана бадникова поворка, со учество на ученици од основните училишта. | 6-ти јануари 2025 година локација- градски плоштад | -Над 3000 граѓани ( 55% жени и 45% мажи) учествуваа на манифестацијата.<br><br>-Извршен избор на кум на бадник (учесници 2 жени и 3 мажи) – паричката се падна кај една од жените – беше избрана кумата на манифестацијата за следната година<br>- Реализирана е 1 бадникова поворка со учество на над 250 ученици (девојчиња и момчиња) од основните училишта, преку која децата имаа можност практично да се запознаат и да ги учат традиционалните вредности, македонската култура, верата и обичаите поврзани со празникот Бадник, придонесувајќи кон нивно негување и пренесување на идните генерации. | **91.000** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3. На учесниците во бадниковата поворка (предвесниците на Христовото раѓање) им беа поделени пакетчиња, како знак на внимание и почит кон нивното учество во традиционалното одбележување на празникот Бадник.<br><br>4. Општината обезбеди и организираше бадникова трпеза, подготвена согласно традиционалните обичаи за граѓаните. Истата беше поделена од волонтери на Црвениот крст, ученици од СОУ „Ѓорче Петров“ и Советот на млади во општината при што настанот имаше и хуманитарен карактер, наменет за матуранти од социјално загрозени семејства.<br><br>5. За присутните граѓани беа обезбедени топли напитоци (чај, варено вино и ракија), со цел создавање пријатна и празнична атмосфера. | | - Подготвени и поделени на граѓаните над 4000 порции од посна бадникова трпеза со ангажман на **10** волонтери од Црвениот крст, 5 ученици од СОУ „Ѓорче Петров“ и 5 лица од Советот на млади ( 70 % возрасни и 30 % млади)<br><br>- Собрани се 15.969 денари наменети за матуранти од социјално загрозени семејства.<br><br>- Подготвени и поделени на граѓаните и граѓанките над 6000 тополи пијалоци<br><br>-Народна веселба и дружење (реализирана културно - забавна традиционална манифестација со традиционална музика во духот на традицијата и обичаите).<br><br>- Во организација и реализација на манифестацијата учествуваа 15 лица ( 4 жени и 11 мажи). | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Божиќ**<br><br>**Општина Крива Паланка** | Традиционално прославен празникот Божиќ, со цел зачувување и негување на православните традиции:<br><br>1.Одржан свечен Божиќен концерт за граѓаните и граѓанките на општина Крива Паланка | 7-ми јануари 2025<br>-локација-<br>Градски плоштад | - Над 2000 граѓани ( 55% жени и 45% мажи) учествуваа на манифестацијата.<br><br>- Настанот беше исполнет со соодветна божиќна музика, празничен дух, традиција и култура од музичари.<br><br>- Во организација и реализација на манифестацијата учествуваа 3 лица (3 мажи). | **143.000** |
| **Водици**<br><br>**Општина Крива Паланка** | - Традиционално прославен празникот Водици- Богојавление во Крива Паланка:<br><br>1. Осветување на водите на Крива Река на традиционален начин, во присуство на свештеници и граѓани, согласно православните обичаи и фрлање на крстот во водата.<br><br>2.Доделување на награда на среќниот фаќач на крстот, како знак на внимание и почит за учеството.<br><br>3.Реализација на манифестацијата „Пивтијада“ 2025 година**,** при што беа поделени над 4.000 броја пивтии на присутните граѓани. Пивтиите беа | 19-ти јануари 2025<br>-локација-<br>Крива Река – кеј и градски плоштад | -Осветување на водите на Крива Река и фрлање на крстот: учествуваа над 2000 граѓани (55% жени, 45% мажи) присутни за следење на обичајот.<br><br>- Доделена награда на среќниот фаќач на крстот во духот на традицијата<br><br>- Манифестација „Пивтијада“– 2025г. поделени над 4.000 броја питии на граѓанки и граѓани од волонтерите на Црвениот Крст ученици, од СОУ Ѓорче Петров и Советот на млади (10 волонтери од Црвениот Крст, 5 ученици од СОУ „Ѓорче Петров“ и 5 лица од Советот на млади ( 70 % возрасни и 30 % млади) | **83.200** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
